PORSCHE
FINANCE GROUP MACEDONIA
MEMBER OF PORSCHE BANK GROUP

Врз основа на УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЗИНГ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА донесена од Влада на Република Северна Македонија (Сл.Весник на РСМ бр.90 од 04.04.2020 г.) **ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ** Скопје, со седиште на бул.Босна и Херцеговина бр.3, Скопје, со ЕМБС 6299482, со цел да им помогне на своите клиенти, на ден 09.04.2020 година, ја објавува следната:

# ПОНУДА

## за пролонгирано плаќање на обврските кои произлегуваат од склучените договори за оперативен лизинг – закуп на возила

Со оваа понуда, ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, на сите свои корисници на услуги за закуп на возила, со почеток од 01.04.2020 година, им нуди можност за пролонгирано плаќање со рок од 90 дена, на договорните обврски кој доспеваат во текот на вонредната состојба.

Понудата се смета за доставена до сите корисници на денот (09.04.2020) на објавување на веб-страницата на компанијата: www.porscheleasing.com.mk.

Олеснувањата нема да се применуваат доколку закупецот не ја прифаќа оваа понуда и продолжи редовно да ги намирува своите обврски.

Официјална е-маил адреса: info@porscheleasing.com.mk.

Одложување на плаќањето започнува по истекот на рокот од десет дена од датумот на објавување на оваа понуда на официјалната веб страна на друштвото и важи за период од 01.04.2020 до 30.06.2020 година.

Закупецот е ослободен од дополнителни трошоци за прифаќање на оваа понуда.

Поимот пролонгирано плаќање од оваа понуда подразбира дека ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје ќе продолжи да ги фактурира услугите кон своите клиенти во време на вонредна состојба, но со даден рок на плаќање од 90 дена кој ќе биде искажан во доставените фактури, што не ги спречува корисниците да ги намируваат обврските во пократок рок во согласност со нивните можности.

*Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје*

*Скопје, 09.04.2020 година*

**ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје**
**бул. Босна и Херцеговина бр.3 | 1000 Скопје | тел. +389 2 26 30 222 | факс +389 2 26 30 444 | www.porscheleasing.com.mk**

ЕМБС: 6299482
ЕДБР: МК 4030007011572
Трансакциска сметка: 300 0000026401 82, Комерцијална банка АД Скопје